**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД СТРУГА**
**СПИ.бр.2/22**
**28.02.2022 година**
**С т р у г а**

**ДО:**

**Х. комитет за човекови права**
-С.

**Предмет:** Известување по барање од јавен карактер

Во врска со вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека:

-Во Основниот суд во Струга за период сметано од 2018 до 2021 година, поднесени де два предлози за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство од кои првиот во 2019 година, вид привремена мерка-забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство и забрана да се приближува на растојание од 100 метри до привременото живеалиште на жртвата, сторител маж, жртва жена, додека вториот предлог за изрекување на привремена мерка е поднесен во ноември месец 2021 година, сторител маж, жртва жена, но по однос на истиот сеуште не е донесена одлука од страна на судот (одговор на точка 1 од барањето).

- Едно решение во 2019 година, вид привремена мерка-забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство и забрана да се приближува на растојание од 100 метри до привременото живеалиште на жртвата, сторител маж, жртва жена, (одговор на точка 2 од барањето).

- По однос на точките од 3 до 6 од вашето барање, не постои ниту еден случај.

- Во 2018 година поднесен е еден предлог за кривично дело од член 130 став 2 во врска со став 1 од КЗ, сторител маж, жртва жена, во 2019 година понесени се 3-три предлози од кои 2-два по член 130 став 2 во врска со став 1 од КЗ (во првиот сторители брачни другари, жртва малолетен син), додека во вториот, сторител маж, жртва жена и 1-еден по член 140 став 2 во врска со став 1 од КЗ, сторител маж, жртва жена, во 2020 година поднесени се 3-три предлози од кои 2-два по член 130 став 2 во врска со став 1 од КЗ сторител маж, жртва жена и 1-еден по член 144 став 2 во врска со став 1 од КЗ, сторител маж, жртва жена, во 2021 година поднесени се три предлози и тоа 1-еден по член 123 став 2 точка 2 од КЗ, сторител: маж, жртва жена, 1-еден по член 130 став 2 од КЗ, сторител маж, жртва жена) и 1-еден по член 144 став 2 од КЗ сторител маж, жртва жена (одговор на точка 7 од барањето).

-Во 2018 година донесена е една пресуда за кривично дело од член 130 став 2 во врска со став 1 од КЗ, со која обвинетиот се ослободува од обвинение, сторител: маж, жртва жена, во 2019 година донесени се 3-три пресуди од кои 2-два по член 130 став 2 во врска со став 1 од КЗ ( во првиот сторител брачни другари жртва малолетен син, во кој предмет се одбива обвинението према обвинетите), додека во вториот, сторител: маж, жртва жена, во кој предмет обвинетиот е осуден и изречена условна осуда и 1-еден по член 140 став 2 во врска со став 1 од КЗ, сторител маж, жртва жена, во кој предмет обвинетиот е ослободен од обвинение, во 2020 година донесени се 2-две пресуди од кои 1-една по член 130 став 2 во врска со став 1 од КЗ со која се одбива обвинението, сторител маж, жртва жена и 1-една пресуда по член 144 став 2 во врска со став 1 од КЗ, со која на обвинетиот му е изречена парична казна, сторител маж, жртва жена, во 2021 година донесени се две пресуди и тоа 1-една по член 123 став 2 точка 2 од КЗ, со која обвинетиот е осуден на казна затвор, сторител маж, жртва жена), и 1-една пресуда по член 144 став 2 од КЗ со која обвинетиот е ослободен од обвинение, сторител маж, жртва жена ( одговор на точка 8 од барањето).

Информацијата ви ја доставуваме по електронски пат на следната адреса: h.@mhc.org.mk.

Судски администратор,

М-р Ристо Настоски